**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **28.1.2025 година** во **08:00** часот во **Мала сала на Општина Крива Паланка.**

**Присутни:** Градоначалник на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, раководител на Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, **Даниела Велковска,** раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај , заштита на животна средина и одржување комунална инфраструктура, **Маја Костадиновска,** раководител на Одделение за човечки ресурси, **Игор Додевски,** раководител на Одделение за финансиски прашања, **Марија Златановска,** раководител на Одделение за инспекциски надзор, **Бранко Велиновски**, раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер, **Лидија Митовска,** Советник за јавни набавки и работи за седници на совет, **Биљана Тасевска,** директор на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, **Драган Величковски,** в.д. директор на ЈП Комуналец, **Далибор Стојановиќ,** лице за подршка на градоначалник **Јорданчо Миневски.**

**Дневен ред**

**Прв дел од Колегиум**

1. Прогрес извештај по однос за процесот на репроценка на имот на територија на Општина Крива Паланка и следни планирани активности, Лидија Митовска
2. Преглед на Планот за јавни набавки за 2025 година и насоки и информации за следните седници на Совет на Општина Кр.Паланка, Билјана Тасевска
3. Пресек на активности на ЛУ Градски Музеј, директор Драган Величковски
4. Пресек на активности, извештај за реализација на неделните задолженија и дефинирање на следни задачи, директор Далибор Стојановиќ

**Втор дел од Колегиум**

1. Подинечен преглед и пресек по однос на неделните задолженија до Секторите и Одделенијата од Општина Кр.Паланка. Дефинирање следни приоритети и задачи, раководители од Општина Крива Паланка.

- Колегиумот го отвори градоначалникот, којшто и даде збор на Лидија Митовска за излагање и краот извештај за текот на процесот на репроценка на имот, извештај за работа на комисиите.

Митовска посочи дека според досегашната работа на 6-те комисии за периодот ноември 2023 – ноември 2024, од којшто се обработени податоци ( целосно) за 8 месеци – облогот за 2025 би изнесувал 1.212.458 денари.

Овде не се внесени ( поради ненамерна грешка на член на комисија ) – 4 месеци, како и од работа на една комисија за октомври 2024 и за две комисии од ноември 2024, така што, според Митовска, со оглед на тоа што 13 објекти не се завршени, вкупниот облог по проценка би изнесувал **околу 1.5 милиони денари.**

Според Митовска, иако не се пресметани 4 месеци, согласно процентуалниот сооднос- пресметката би можела да се калкулира на 700.000 денари, што значи, рече, **2.2 милиони денари** би требало да изнесува облогот на општината за 2025 година.

Се очекува до крајот на мај овој процес ( репроценка) да заврши, но според состојбите на терен и останатите околу 20-тина објекти на лев брег, а десен брег може да биде заокружен до крајот на следните два месеци, така што, се очекува до јуни 2025 да се работи и целосно да се заокружи/затвори процесот.

- По втората точка се дискутираше за јавните набавки што се во тек и кои треба да бидат распишани. Советникот за јавни набавки и работи за седници на совет, Биљана Тасевска, извести дека од 27 барања, 23 за јавни набавки с епроцеуирани, информриаше кои се отворени, кои се претстојни и рече дека редовно се следи и ажурно се работи на оваа област.

Според неа, само е неопходно да се изврши обнова на токен за еден вработен во опптината што работи на јавни набавки.

- Директорот на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, Драган Величковски, информриаше дека тековно се вршат активностите по задолжениај од градоначалникот и тековно изготвување извештај за работа за 2024.

Задолженија од градоначалник до Директор на ЛУ Градски музеј:

1. Да се изврши нарачка и монтажа на церади за сцена на градски плоштад
2. Да се изврши нарачка и следење /координација на монтажа на цевки ( 6метри) за сцена на Градски плоштад
3. Да се санираат три бараки во кејот на Крива Река ( летна сцена градски плоштад) и истите да бидат ставени во функција за потребите од прибирање опрема и логистичка поддршка на културни настани
4. Да се реализираат тековните работи за реконструкција на тоалети во Градски мзуеј и нивна преадаптација во котлари за потребите за затоплување на музејот. Да се разгледа состојбата за исплата на прва ситуација околу истата активност

5. Следење на процесот на уредување/реализација на проектот за партерно уредување на старото пколо во Градец

6. Да отпочнат активности за изработка на технички рпоект за изведба на настрешница во задниот двор на Градски мзуеј

7. Да се изготви Извештај за работа за 2024 година и изработка на завршна сметка

Тековната изработка на извештаи по одделенија за завршна сметка се финализираат.

Извести дека се очекува до крајот на неделата да добијат повратни информации за одобрени проекти од страна на Минситерството за култура, по апликациите што се доставени од страна на ЛУ Градски музеј, за 2025 година.

Што се однесува до прекуграничниот проект за музејот, најверојатно ќе биде одобрен во втора фаза за потпишување договори, јуни 2025.

- За директорот на ЈП Комуналец беа дадени повеќе задолженија, како и претходнито колегиум, со што и Стојановиќ даде извештај по секое од нив поединечно.

Градоначалникот укажа на реализација и спроведување на неопходните мерки, активности за подобрување ( функционалност) на работата по сектори, одделенија,с о конкретни дневни задолженија и извештаи од страна на вработените по однос на истите. Истовремено – точност, ефикасност и прецизност во работењето на сите служби, со наведени емрки и задаолжениај за организација и реорганизација во работењето, по динамички план за активности.

Сервисирање на возниот парк, распоред на собирање смет што ќе биде доставен до домаќинствата, уредување нови површини, редовно метење и перење улици и сл.

Во посебни задолженија се дефинирани насоките за сектор Јавна чистота, пазаришта, гробишта.

1. Оваа недела да се стави акцент на фино метење на централната улица од ризла и сол.

2. Во четврток 30.01.2025 да се организира стругање и миење на градскиот плоштад, парк и плоштад пред општина со сите теренски работници ( Општина, Зеленило, Затворски работници, комунална хигиена)

3. Да се коригираат пропустите од изминатиот период при собирање смет и ѓубре и конечно да се одредат дисциплински мерки и санкции за секој следен пропуст.

4. Да се организира метење на ризлата покрај тротоарите и тротарите на магистралниот пат.

5. Во петок, 31.01.2025 да се организира метење на стариот и новиот пат до манастир Јоаким Осоговски ( комунална хигиена,општина,затворски работници)

6. Ургентно да се уреди делот кај новите градски гробишта со расчистување на градежен шут,планирање на земјен матријал кај црвеницата и лошиот материјал.

7. Да се изврши теренска обиколка на територија на цела Крива Паланка кај што се поставени контејнери и да се организира нивно метење.

8. Да се организира доврշување на чистењето на канали,решетки, сливници според доставениот список од општина крива паланка. за оваа потреба да се ангажираат и затворските работници. Според доставениот извештај од Ваша страна и извршениот теренски увид од моја страна, сЀуште не се завршени поголем број од задолженија зададени претходниот период. ургентно да се завршат овие задолженија.

9. Да се организира месечна акција за собирање на кабаст отпад

10. да се воспостави контрола на начинот на депонирање на инертен отпад преку насочување на одлагачите на отпадот од страна на задолжен вработен на ЈП комуналец

11. Да се завршат започнатите градежни активности во село Конопница, населба Трнци, калдрама Метролошка,решетка Илинден

12. Да се изврши сечење на асфалтот и одводнување со пропусти на рускиот пат до манастир Јоаким Осоговски

13. Да се организира поставување на новонабавените канти за отпадок и за истите да се најде модул за заштита од кражба.

14. во договор со инспекциското одделение да се направи дислокација на контејнерите од пред ЛУ градски музеј крива паланка.

15. Да се постапи по налогот на Општина Крива Паланка за работа на градежната машина

16. Да се изврши корекција на шахтата на улица Ацо Шопов

**Задолженија за сектор паркови и зеленило ЈП Комуналец:**

1. Да се организира расчистување на парцелата со кастрење на дрва и гранки кај авто сервис Данче
2. Да се продолжи со активноста за уредување и рамнење на речното кориото на Крива Река на потегот од спортски комплекс до градски базен
   - Изнесување крупен матријал, обезбедување муљ, ангажирање на затворските работници за порамнување на теренот)
3. Да се организира уредување на просторот со сеење на трева кај спортскиот терен во село Конопница Тополки.
4. Да се организира уредување на просторот со сеење на трева кај спортскиот терен до ресторан Облаче.
5. Да се организира уредување на просторот со сеење на трева и засадување на дрвца кај маркет Стокомак.
6. Да се организира тековно метење и чистење на новоизградените детските катчиња.
7. Да се определат дежурни теренски извршители за време на викендите. Овој викенд немаше дежурни работници.
8. Да се распишат јавни набавки за набавка на сезонско цвеќе, декоративни дрвца и грмушки, трева, декоративен камен и останат матријал за уредување на јавни површини.
9. Да се отпочне со активност за фарбање на дрворедите со вар на централната улица и градски парк.
10. Во следниот период да се планира активност за фарбање на оградите, клупите во речното корито на Кр.Река

## Втор дел колегиум, задолженија до раководители на Одделенија во Општина Крива Паланка:

**Антонио Давитковски**

**Раководител на Одделение за ЛЕР и евроинтеграции**

Задолженија од страна на градоначалникот се дадени за раководител на ЛЕР и евроинтеграции, со конкретни насоки:

1. Да се изврши вовед во градежните активности за проектот „ПАРКС“
2. Да се превземат активности за потпишување Договор за проектот за изградба на Адрелински парк - Калин Камен и да се прегледа проектната документација.
3. Финасиски и со изработка на извештај да се затвори прекуграничниот проект со Лесковац, Р.Србија, „ земја на легендите“.
4. Во координација со сектор урбанизам да се одреди локација и да се инсталира системот за мерење на квалитет на воздух, а истиот да се воведе во гис- системот.
5. Да се достави информација по однос на сите тековни и нови повици. Да се задолжи Валентина Ангеловска за изготовка на апликација за следниот повик од Влада за финасиски средства во висина од 154 милиони денари.
6. Да се превземат активности за дислокација на детското катче во населба Единство.
7. Да се провери состојбата и да се даде извештај за просторот кај Вавилон и зградата над европска куќа за услови за младинска канцеларија.

**Маја Костадиновска**

**Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај, заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура**

Неделни задолженија до раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина се:

1. Да се постапи по точките од задолженијата од електронската порака од страна на проектната единица при МЖС и известувањето за одобрениот грант од ЕИБ за изградба на водоводи и канализациии на територија на Општина Крива Паланка.
2. По однос на постапката за изградба на дом за стари лица да се превземат сите неопходни чекори за обезбедување одобрение за градење и работен состанок во МТСП за усогласување на постапката и обезбедената проектна документација, условите за склучување Договор и сл.
3. По однос на одржаните работни состаноци со секое проектантско биро поединечно по однос на секој налог издаден за обезбедување на техничка докуемнтација за потреби на Општина Кр.Паланка, да се утврди точен и прецизен план:
    - Еуро роад (идден и основен проект Спас-Крст, Центална улица Јоаким Осоговски, локален пат во Крстата падина, локален пат Градец-Осиче,

уредување на просторот кај Соларски мост, локален пат Подржикољ,локален пат Добровница, потпорен ѕид Ратко Минев и Куков Дол)

- Прима инжиниеринг ( Пречистителна станица и колекторски систем на Крива Река)
- Параметар ( Водовод Мождивњак и Водовод Калин Камен/ корекција на проектна документација за Адреналински+Градец,трибини на спортски комплекс, ролерска и пешачка патека)
- Аква инвест ( Водовод Мождивњак и водовод Калин Камен)
- Мг проект ( Сервисна улица и регулација на Дурачка река)

4. Да се организира почеток на градежните активности од централната улица Јоаким Осоговски со одобрување на сообраќајното решение за времен режим и решение за измени во тек на градба.

5. Да се прегледа посточката проектна документација и да се изврши реевидирање на предмер-пресметките по однос на следнвие проекти, за истите да се обезбеди одобрение за градење:

   - Доизгрдба на пешачка патека Бабин Дол
   - Доизградба на пешачка патека и ролерско-пешачка патека покрај кеј на Крива Река со содржини
   - изградба на трибини на спортскиот комплкес
   - Реконструкција на централна градска улица од Единство до Технички Преглед
   - Реконструкција на постоечки пат кон Калин Камен

6. Да се определи прецизна динамика по однос на работата на комисиите кои работат на предмети за легализации и да им се определат прецизни и конкретни рокови по однос на предметите кои правно се решливи за конечно завршување. Рок за завршување - месец Април 2025, а на секој колегиум да се достави извештај по однос на завршените предмети во изминатиов период.

7. На службениците Иван Велиновски и Кире Велевски за оваа работна недела да им се определат конкретни задолженија по однос на секоја урбанистичко-планска постапка

поединечно. Да се изготви писмен табеларен извештај по однос на секоја постапка поединечно.

(Викенд населба Калин Камен, Белчо, Шумско, Единство, Касарна,Мрче)

8. По однос на развојната програма за изградба и реконструкција на локални улици од фирмата Изведувач да се обезбедат предмер пресметките за следните проекти, предвидени за реализација во 2025 година и да се утврди динамика за нивна изведба и потпишување на трет поединечен договор.

9. По однос на развојната програма за изградба на детски катчиња и спортски терени да се органира почеток на градежните активности според доставениот динамичен план, да се изготви трет поединечен договор со наведени рокови, а по однос на вториот договор да се изврши технички прием и достава на завршни ситуации.

    - Херој-Карпош 01.02.2025-10.04.2025
    - Домачки дол 10.03.2025-20.04.2025
    - Осичка маала 20.04.2025-20.05.2025
    - Технички - Локација 6 - 20.05.2025-30.06.2025

10. По одобрувањето на Планот за јавни набавки за 2025, да се пристапи кон распишување на сите јавни набавки надлежност на Вашето одделение предвидени за месец Февруари.

11. Да се отпочне постапка за изноаѓање на локација за депонија за инертен отпад.

**Марија Златановска**

**Раководител на Одделение за Финасиски прашања**

Неделни задолженија за постапување во Одделение за финансиски прашања при Општина Крива Паланка се:

1. Во координација со Правното одделение да се координира процесот за наплата на доспеани побарувања кон Општина Кр.Паланка по сите основи.
2. По извршената работа на пописната комисија и новата промена на константиранаата состојба, да се предвиди како нов имот на општина. Извештајот

за пописот да се изготви пред завршната сметка. Да се подготват соодветни одлуки за отпис на нефункционален имот и отпис на истиот.

3. Во следниот период финасиски да се затвори прекуграничниот проект „Земја на легендите“

4. Да се започне постапка на подготовка на завршна сметка и квартлен извештај за седница на совет во месец Март.

**Игор Додевски**

**Раководител на Одделение за човечки ресурси**

1. Да се подготват сите неопходни одлука за седници на Совет по однос на следниве постапки и да се превзмат активности кон:

- Постапки за интерни унапредувања
    - раководител на Правно одделение
    - самостоен инспектор – овластен градежен инспектор
    - раководител на Одделение за урбанизам
- Постапки за унапредување по пат на јавен оглас
    - раководител на Одделение за јавни дејности
- Ангажирани лица преку АПВ
    - самостоен Референт за култура
    - Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО
    - Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина
    - Помлад соработник - внатрешен ревизор на обука
- Измена на ГПВ и распишување на јавен оглас
    - Самостоен референт за култура
    - Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО
    - Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина

- Помлад соработник - внатрешен ревизор на обука (испразнето место по однос на пензионирање)

8. Обезбедување на Одлука на Влада за стекнување на сопственост на зграда при ученички дом Боро Менков.
9. Подготовка на циркуларно писмо до АВР/ФЗО/ПИОМ  со цел надминување на повеќегодишниот проблем во Општина Крива Паланка по однос на здравствено осигурување на вработените.

**Никола Граматиков**

**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Неделните задолженија за раководителот на ова одделение се:

1. Да се организира работата на терен по однос на градежните активности со ЈП Комуналец
    - Приклучок канализација во село Конопница
    - Приклучок на канализација во населба Трнци
    - Калдрама во населба Метролошка
    - Решетка во населба Илинден
    - Расчистување на депонија за градежен шут ( по известување на инспектор)
    - Остранување на бетонски ѕид во урбан дел на течение на Крива Река ( по Решение на инспектор), и одстранетиот дел да се искористи за стабилизација на мостови
2. Согласно насоките и заклучоците од одржаниот месечен состанок, договор со Изведувачот, да се организира почеток на градежните активности на централната улица Јоаким Осоговски со обебзедување на сообраќајно решение за времен режим и решение за одобрување на измени во тек на градба на основниот проект.
3. По однос на градежните активности од Развојната програма за изградба,реконструкција и рехабилитација на локални улици и патишта до Изведувачот Битем да се изготви трет поединечен договор со прецизни рокови и налог за работа:

Месец Февруари/Март (Панче Пешев, Никола Тесла, Социјално крак еден и два, Јане Сандански, Детско игралиште Единство, крпење на ударна дупка Јоаким Осоговски)

Месец Април ( пешачка патека покрај кеј на Кр.река, улица Ратко Минев, уредување на влезови и пристап на комплекс згради)

Месец ,Мај,Јуни ( Коце Металец, поврзување на гробишта во село Конопница, рехабилитација на пат Дурачка Река)

Месец Јули/Август (Рехабалитација на дел од улица Херој Карпош, локален пат село Кркља, Мизолски ливади,Момин дол,Бегови Бавчи,Крстата падина,Домачки дол)

По однос на сите планирани активности од развојната програма, да се обезбедат предмер пресметки од Изведувачот и за истите да се обезбеди согласност од Надзорниот орган.

4. Да се постапи соодветно по однос на извршената штета на улица Јоаким Осоговски предизвикана од сообраќајна незгода во месец Ноември со кршење на бетонската бандера и искорнување на неколку дрвореди. Изготовка на записник и иницирање на постапка за побарување на штета од сторителот. Прибирање на целокупната докуемнтација со обезбедување на официјален записнок од ПС Крива Паланка за евентуална правна постапка.

5. Да се врши редовна и контиунирана теренска контрола на секоја градежна активност на терен од страна на секој задолжен градежен инжинер за следење и реализација на договор.

    - ДГИ за

        - Уредување на дворот на училиштето во село Градец

        - Развојна програма за улици и патишта

    - ДГИ

-Развојна програма детски игралишта

-Изградба и регулација на Куков дол

    - ДИА

-Улица Јоаким Осоговски

    - ДИГ

-Изградба на локален пат Бз Кошари

-Изградба на канализација Трнци

-Реконструкција на дел од улица Единство

- ДГИ

  - Реконструкција на ограда на градски мостови

6. По одобрувањето на Планот за јавни набавки за 2025, да се пристапи кон распишување на сите јавни набавки надлежност на Вашето одделение предвидени за месец Февруари.

7. Да се прегледа посточката проектна документација и да се изврши реевидирање на предмер-пресметките по однос на следнвие проекти и да се обезбеди одобрени за градење по однос на истите:

   - Доизгрдба на пешачка патека Бабин Дол
   - Доизградба на пешачка патека и ролерско-пешачка патека покрај кеј на Крива Река со содржини
   - Изградба на трибини на спортскиот комплкес
   - Реконструкција на централна градска улица од Единство до Технички Преглед
   - Реконструкција на постоечки пат кон Калин Камен

За истите да се подготват Одлуки за седница на Совет.

8. Да се организира почеток во градежните активности на проектот за изградба на канализација во село Конопница и реконструкција на улица пиринска со изработен динамички план.

9. По однос на одржаните работни состаноци со секое проектантско биро поединечно по однос на секој налог издаден за обезбедување на техничка докуемнтација за потреби на Општина Кр.Паланка, да се утврди точен и прецизен план:

   - Еуро роад (идден и основен проект Спас-Крст, Центална улица Јоаким Осоговски, локален пат во Крстата падина, локален пат Градец-Осиче, уредување на просторот кај Соларски мост, локален пат Подржикоњ,локален пат Добровница, потпорен ѕид Ратко Минев и Куков Дол)
   - Прима инжиниеринг ( Пречистителна станица и колекторски систем на Крива Река)

- Параметар ( Водовод Мождивњак и Водовод Калин Камен/ корекција на проектна документација за Адреналински+Градец,трибини на спортски комплекс, ролерска и пешачка патека)
- Аква инвест ( Водовод Мождивњак и водовод Калин Камен)
- Мг проект ( Сервисна улица и регулација на Дурачка река)

10. По однос на развојната програма за изградба на детски катчиња и спортски терени да се органира почеток на градежните активности според доставениот динамичен план, да се изготви трет поединечен договор со наведени рокови, а по однос на вториот договор да се изврши технички прием и достава на завршни ситуации.
    - Херој-Карпош 01.02.2025-10.04.2025
    - Домачки дол 10.03.2025-20.04.2025
    - Осичка маала 20.04.2025-20.05.2025
    - Технички - Локација 6 - 20.05.2025-30.06.2025
11. Да се постапи по однос на  точките од задолженијата од електронската порака од страна на проектната единица при МЖС и известувањето за одобрениот грант од ЕИБ за изградба на водоводи и канализациии на територија на Општина Крива Паланка.
12. Да се изготви допис со барање до МТВ-Сектор сообраќај за промена на категорија на магистралниот пат до клучката со експресниот пат.

**Даниела Велковска**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи и јавни дејност**

Задолженија за раководителот на секторот за правни и општи работи се:

1. Да се следат сите моментални  постапки за експропријација на имот:
    - во населба Домачки дол - регулација на корито,Бз-Кошари локален пат,Канализација Трнци,Водовод Вирови-Грамаѓе,Водовод Кр.Паланка-Конопница,Канализација населба Маневци
2. По однос на Програмата за култура да се започне со организација на настаните
    - Сусурига 1-ви Март
    - Теодор Тирон 9 ти Март

- Први Април

3. Заедно, во координација со Одделнието за даноци, да се организира постпка за блокирање и извршување на решенија по однос на комунална такса за фирмарини.

4. По одобрувањето на планот за јавни набавки за 2025 да се пристапи кон распишување на сите преостанати јавни набавки надлежност на вашиот Сектор предвидени во месец Јануари и месец Февруари.

5. Седница на Совет да се закаже за месец февруараи за 21.02.2025 петок и месец Март 14.03.2024.

6. Комисии по однос на програмите за спорт ,култура, социјална и детска заштита да изготоват наративни и финасиски извештаи и истите да се достават до Советот за нивна согласност. Да се исконтактираат сите корисници на средства по основа на наведените програми кои немаат доставено извештај за користење истото да го достават а комисиите да изготват извештај.

7. Во следниот период да се организира настан по повод пензионирањето на двајца вработени.

8. Да се распишат сите тековни постапки и јавни повици за субвционирање по однос на секоја програмска активност за 2025 година

9. Да се отпочне со активноста од социјалната програма за бесплатен одмор за дечиња од ранлива категорија.

10. Да се превземат активности за доплнување на апликацијата во МТСП за изградба на дом за стари лица.

11. Да се превземат активности за уништување и изработка на нови печати на даночното одделение.

12. Да се известат основните и средното училиште за отпочнување постапки за трансформација на работните односи на лица кои исполнуваат услови.

13. Да се приберат понуди за 8-Ми Март за организација на прослава за вработените во општина Кр.Паланка.

14. Да се постапи по задолженијата од Записникот на инспекциските служби за уништување архивски матријал со изминат рок на чување.

15. Да се опомене службеникот  во одделението за архивирање на кодексот на однесување со странки и колеги од Општинската админстрација.

**Бранко Велиновски**

**Раководител на инспекциско Одделение**

За инспекциското одделение се дадени следни задолженија:

1. Заедно со одделението за изградба да се координира градежната активност за расчистување на депонијата за инертен отпад.
2. Заедно со одделнеито за урбанизам да се разгледа можноста за поставување на подземни контиђери на територија на општина Кр.Паланка
3. Да се задолжи службеник - комунален редар и комунален инспектор за следење на договорот за заловување бездомни кучиња.
4. Да се координира постапката со сите колкетивни постапувачи сѐ до потпишување договори.
5. Да се изготви извештај за превземените активности за обезбедување на приклучоци на канлизациона мрежа на домаќинства од населба Мизовски ливади, Крстата падина, Мождивњак, Конопница.

Препорака: Сите задолженија ќе бидат доставени преку архива до надлежните Одделенија, Сектори и институции. Раководителите и директори согласно насоките треба да достават писмени извештаи за сите дадени задолженија најдоцна до одржување на следниот колегиум.

Колегиумот заврши во 10:10 минути.

Изготвил:

Ирена Белешковска